Врз основа на член 34 од Статутот на Факултетското Студентско Собрание при Економски Факултет- Прилеп, претседателот на ФСС објавува:

# Конкурс

<u>За избор на Заменик Студентски Правобранител</u>

Заменикот Студентски Правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот. Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

Заменикот студентски правобранител постапува по поднесок на студент и/или група на студенти во случај кога станува збор за повреда на студентските права: Проверка на знаење; Испитни рокови; Оценување; Објавување на резултати и право на увид; Дисциплинска одговорност на студентот; Други права на студентот, во согласност со Законот за високо образование, Статутот на Факултетот и други факултетски и/или Универзитетски акти.

Мандатот на заменикот студентски правобранител е 2 години, без можност за реизбор, заради што при изборот треба да се има во предвид запишаната година на студии на пријавените кандидати.
Заменикот студентски правобранител има право на паричен надомест за неговата работа.

**Услови за пријавување на конкурсот:**

- Кандидатите кои се пријавуваат треба да бидат редовни студенти на Економски Факултет- Прилеп
- Кандидатите кои се пријавуваат треба да имаат просечна оцена од најмалку 8 (осум)

**Документи за пријавување на конкурсот:**

- Пријава
- Потврда за редовен студент
- Потврда за просечна оцена
- Кратка биографија (Europass)
- Кратко мотивационо писмо

Рокот за пријавување на конкурсот е 15 дена од денот на објавување на конкурсот.
Пријавите со потребните документи се поднесуваат најдоцна до 25.10.2020 година, до архива на Економски Факултет- Прилеп.

Факултетско Студентско Собрание при Економски Факултет- Прилеп
Претседател,
Ангела Митреска